С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 11 година XLI** **4 ноември 2005**	Претплата за 2005 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

127.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44,став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2005 година

Се прогласува Одлуката за доделување награда за животно дело "Гемиџии" за 2005 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/4
02 ноември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр. 1/03), а согласно со Одлуката за востановување награда за животно дело "Гемиџии" (“Сл. гласник на Општина Велесг бр. 4/03”),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10. 2005 година, донесе:

О Д Л У К А
За доделување награда за животно дело „Гемиџии” за 2005 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда за животно дело „Гемиџии” за 2005 година, за постигнати резултати во развојот и афирмацијата на Велес во државата и надвор од неа.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес.

Член 2

Наградата за животно дело „Гемиџии” за 2005 година се доделува на :

-Македонка Јанчевска, писател за деца, и

-д-р Васил Тоциновски, историчар на литература.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-2607/5
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

128.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44,став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2005 година

Се прогласува Одлуката за доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2005 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/5
02 ноември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (вСл. гласник на Општина Велесг бр. 1/03), а согласно Одлуката за востановување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес (вСл. гласник на Општина Велесг бр. 7/97; 7/01 и 5/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10. 2005 година, донесе:

О Д Л У К А
За доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2005 година

Член 1

По повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес, а за особени заслуги и придонеси за развој и афирмација на Општина Велес, се донесува Одлука за доделување 9-то ноемвриски признанија за 2005 година.

Признанијата ќе бидат врачени на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес.

Член 2

Спомен плакета на Општина Велес се доделува на :

- Ѓорѓи Гајдов, спортист и спортски работник;
- Васил Зафирчев, актер
- Ангел Коруновски , скулптор, и
- ДПП „ Алена”.

Член 3

Благодарница се доделува на :

- Коста Балабанов;

Член 4

Пофалница се доделува на :

- ЕГ „ Грин Пауерг,
- БС „Анабела”,
- Канцеларија за еднакви можности меѓу мажите и жените,
- Љубе Манушев, фотограф
- Дејан Цветковски, каратист
- Ноне Неделковска и Дејан Попов, естрадни уметници

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-2607/6
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

129.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица „Алексо Демниевски“

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/2
02 ноември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” БР. 5/02), член 23, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10. 2005 година, донесе:

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица “Алексо Демниевски”

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица “Алексо Демниевски” бр.6, донесена од Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, бр. 0701-1490/5 (“Сл. гласник на Општина Велес” бр. 4/04).

Член 2

Во член 2, став 1 од Одлуката за определување на намената на објект на улица “Алексо Демниевски”, алинеа 3 се брише и се заменува со нова алинеа која гласи:

“- останатиот простор ќе има двојна намена: сала за венчавање и ликовен салон”.

Член 3

Член 3 се брише и се заменува со нов член кој гласи:

„Член 3

Општина Велес се обврзува на Ловечкото друштво „Руен" од Велес да му понуди на користење простории во своја сопственост за организирање на активностите на Друштвото.

Општина Велес и Ловечкото друштво „Руен" Велес ќе потпишат Договор за користење на простории најдоцна до 31.12.2005 година, а Ловечкото друштво е должно на сопственикот да му ги предаде просториите".

Член 4

Во член 4 после зборовите "алинеа 1" се брише зборот ви", се додава запирка , а после бројот 2 се додаваат зборовите "и три ".

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2607/3
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

130.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Детализиот урбанистички план за дел од Урбана заедница „Керамидна" - Велес

Се прогласува Одлуката за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Детализиот урбанистички план за дел од Урбана заедница "Керамидна" - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/1
02 ноември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 2, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општината Велес" бр.1/03) ,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Детализиот урбанистичкиот план за дел од Урбана заедница „Керамидна" - Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт- изменувањето и дополнувањето на Детализиот урбанистички план за дел од Урбана заедница „Керамидна" - Велес.

По утврдувањето на Нацрт - изменување и дополнување на Детализиот урбанистички план за дел од Урбана заедница „Керамидна" Велес, Градоначалникот спроведува Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Планот во урбаната заедница „Керамидна" и во просториите на Општината.

Времето и местото каде ќе биде изложен Планот и спроведување на Јавната презентација и Јавната анкета ќе биде објавено со соопштение во јавните гласила.

Јавната анкета ќе биде во траење од 15 дена.

Член 3

За спроведената јавната анкета и јавна презентација се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки. Извештајот го изработува стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на предлог - планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2607/2
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

131.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/3
02 ноември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ" бр. 68/04) и Статутот на Општина Велес член 23, став 1, точка 15 („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за Општински линиски превоз на патници во Општина Велес донесена од Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 4/05).

Член 2

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес во членот 2 во табеларниот приказ на единствената мрежа на линии за општинскиот линиски превоз се додава нов став со следната содржина:

Ред.бр.	Број на линијата	Назив на линијата	Траса на линијата
11	12	Велес – Раштани (Нови гробишта)	
		Насока: Велес – Раштани (Нови гробишта)	Преку улиците: „Димко Најдов", „Димитар Влахов", „Илинденска", „Гоце Делчев", Страшо Пинџур", „Маршал Тито", „А.Д.Бауман", „Моша Пијаде", „Индустриска", „Благој Ѓорев", „Ленинова", „11-ти Октомври", „Индустриска", „Раштански пат".
		Насока: Раштани (Нови гробишта) - Велес	Преку улиците: „Раштански пат",„Андон Шурков", „Благој Ѓорев", „Маршал Тито", „Илинденска", „Димитар Влахов", „Димко Најдов".

Член 3

Во членот 11 ставот 1 се менува и гласи:

„Возниот ред во согласност со мрежата на линии го подготвува превозникот, а го регистрира Градоначалникот на општината и истиот е со важност од четири години."

Член 4

По членот 34 се додава нов поднаслов кој гласи „8. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Велес и изглед на образецот на дозволата", по кој се додаваат 10 нови членови:

„Член 35

Постапката за добивање и одземање на дозвола за редовен линиски превоз на патници во Општина Велес опфаќа одделни дејствија со кои определено правно или физичко лице кое поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници се стекнува со право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и одобрен возен ред.

Член 36

Барањето за издавање на дозвола за општински превоз на патници од страна на превозникот кој има одобрен возен ред за определена линија, се поднесува до Градоначалникот на Општина Велес.

Кон барањето превозникот поднесува решение со кое му е одобрен возниот ред за линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. По барање на превозникот може да се издадат и повеќе примероци.

Член 37

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издавање.

Член 38

Барањето за издавање на дозвола за општински линиски превоз на патници ќе биде одбиено ако барателот:

-не достави одобрен и регистриран возен ред;

-во рок од 30 дена од денот на одобрувањето на возниот ред не поднесе барање за издавање на дозвола;

- нема лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници;

-нема доволен број на возила во сопственост (автобуси и комби возила);

- нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило.

Член 39

По истекот на рокот за кој е издадена дозволата од член 4 на овој правилник, истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 30 дена пред истекот на рокот за општински линиски превоз на патници.

Кон барањето за продолжување на важноста на дозволата, превозникот покрај доказите од член 3 на овој Правилник приложува и копија од издадената дозвола чие продолжување се бара.

Член 40

Дозволата од член 4 на овој Правилник нема да се продолжи ако:

-истекол рокот на важноста на лиценцата;

-нема доволен број на соодветни возила во сопственост (автобуси и комби возила) и најмалку по еден возач во редовен работен однос по возило;

-ако во текот на важењето на дозволата извршил повреда на прописите за техничка исправност на возилата и времето на управување и одмор на возачите.

Член 41

Дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници на превозникот може да му се одземе и пред истекот на рокот на нејзината важност ако:

-престанала важноста на лиценцата за вршење на општински линиски превоз на патници;

-превозникот не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена;

- на барање на превозникот.

Член 42

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на нова дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се види дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

Член 43

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава на образец формат А4 во бела боја.

Образецот од став 1 на овој член на предната страна содржи:

Република Македонија, грб на Република Македонија, Општина Велес, број од евиденцијата за издадени дозволи, број на регистриран возен ред на линијата, сериски број на дозволата и назив на дозволата;

„Дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници", назив односно име на превозникот и седиште или адреса, рубрика во која се внесува почетната односно крајната станица, рубрика за назначување на влез и излез на патници од автобусот, рок на важност на дозволата, место и датум на издавање, место за печат и потпис Градоначалник на Општина Велес.

На задната страна се отпечатени условите под кои се врши превозот, напомена и рубрика за забелешки и дополни.

Член 44

Образецот од член 43 од овој Правилник е даден во прилог 1 и е составен дел на овој Правилник."

Член 5

Членот 35 станува член 45, членот 36 станува член 46, членот 37 станува член 47, членот 38 станува член 48, членот 39 станува член 49, членот 40 станува член 50, членот 41 станува член 51 и членот 42 станува член 52.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2607/4
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

132.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев" - Велес

Се прогласува Решението за давање на согласност на Статутот на Локалната библиотека "Гоце Делчев" - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/8
02 ноември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 13, став 2 од Законот за библиотеки ("Сл.весник на РМ" бр.66/04) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2005 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека "Гоце Делчев" - Велес

1.Со ова Решение се дава согласност на Статутот на Локалната библиотека "Гоце Делчев" - Велес, донесен од Управниот одбор на Локалната библиотека "Гоце Делчев"- Велес, на седницата одржана на ден 20.09.2005година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2607/11
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

133.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44,став 1,точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување пa Решението за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт" - Велес

Се прогласува Решението за давање на согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Парк - Спорт" - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/7
02 ноември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 11 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96) и член 23,став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2005 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спорски објекти " Парк - Спорт " - Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Парк - Спорт", донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Парк-Спорт"- Велес, на седницата одржана на ден 21.10.2005година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2607/10
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

134.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44,став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ - Велес

Се прогласува Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Посебното основно училиште "Маца Овчарова" - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/9
02 ноември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование („Сл.весник на РМ” бр.29/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова” Велес

1. За претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчароваг Велес се именуваат следните лица:

-Миле Маџаров
-Светлана Тодосова

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-2607/13
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

135.

Врз онова на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „ Димче Мирчев“ Велес за 2005/2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка " Димче Мирчев"- Велес за 2005/2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2005 година.

Број 0801-2656/6
02 ноември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2005 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка "Димче Мирчев" - Велес за 2005/2006 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на Општинската јавна установа за деца - **Д**етска градинка "Димче Мирчев" - Велес за 2005/2006 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2607/9
31 октомври 2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
127	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2005 година** **О Д Л У К А За доделување награда за животно дело „Гемиџии” за 2005 година**	190
128	**О Д Л У К А За доделување награда за животно дело „Гемиџии” за 2005 година** **О Д Л У К А За доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2005 година**	190
129	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица „Алексо Демниевски“** **О Д Л У К А За измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица “Алексо Демниевски”**	191
130	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница „Керамидна” - Велес** **О Д Л У К А за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистичкиот план за дел од Урбана заедница „Керамидна” - Велес**	192
131	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес**	193
132	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев” - Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека "Гоце Делчев" - Велес**	195
133	**З А К Л У Ч О К за прогласување na Решението за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт” - Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спорски објекти " Парк - Спорт " - Велес**	195

Бр на акт **Страница**

134	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ - Велес**	196
	Р Е Ш Е Н И Е за именување на претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова” Велес	
135	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинската јавна установа за деца детска градинка „ Димче Мирчев“ Велес за 2005/2006 година**	196
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - детска градинка "Димче Мирчев" - Велес за 2005/2006 година	

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00